# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

Излегува по потреба

Број 13 година **LII**

**07.11.2016 година**


**222.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за доделување на 9-то Ноемвриските награди и признанија на Општина Велес за 2016 година**

Се објавува Одлуката за доделување на 9-то Ноемвриските награди и признанија на Општина Велес за 2016 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 04.11.2016 година.

Број 08-6890/1
07.11.2016 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 8, став 2, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), а согласно член 8 од Одлуката за востановување и доделување на 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 7/97,7/01 и 5/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на 9-то Ноемвриски признанија на Општина Велес за 2016 година**

**Член 1**

По повод 9-ти Ноември Денот на Општина Велес, а за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој на Општината и за нејзин севкупен напредок и афирмација во повеќе области, се донесува Одлука за доделување на 9-то Ноемвриски признанија за 2016 година.

Признанијата ќе бидат врачени на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември - Денот на Општина Велес.

**Член 2**

Спомен плакета на Општина Велес се доделува на:

- Маркард „Македонија“
- Џери Наумоф, Министер без ресор во Владата на РМ
- Др. Милчо Трајков
- Др. Тања Анѓушева

Благодарница се доделува на:

- ЛУ Народен Музеј Велес
- Дијана Иванова
- Моника Стојчевска и Илија Стојчевски

Пофалница се доделува на:

- Љупчо Ѓоргиев
- Слободанка Чичевска
- Камелија Дукова
- Младински црковен хор „Св. Кирил и Методија“

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 27-6867/1
04.11.2016 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

**223.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2016 година**

Се објавува Одлуката за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2016 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Број 08-6890/2
07.11.2016 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36,став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 8, став 2, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), а согласно член 5 од Одлуката за востанување награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ („Службен гласник на Општина велес“ бр. 4/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 04.11. 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2016 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува награда за животно дело „Гемиџии“ за 2016 година, за постигнати резултати во развојот и афирмацијата на Велес во државата и надвор од неа.

Наградата ќе биде врачена на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти ноември денот на Општина Велес.

**Член 2**

Наградата за животно дело „Гемиџии“ за 2016 година се доделува на:

· Примариус др. Ангел Мајсторов и Академик Фехим Хусковиќ.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина велес“

Број 27-6867/2
04.11.2016 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

**224.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за доделување на награда за најстудент „Професор д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2016 година**

Се објавува Одлуката за за доделување на награда за најстудент „Професор д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2016 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Број 08-6890/3
07.11.2016 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р

Врз основа на член 36,став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 8, став 2, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), а согласно член 6 од Одлуката за востанување награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ („Службен гласник на Општина велес“ бр. 17/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 04.11.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување награда за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2016 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува награда за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2016 година, за најдобар успех постигнат во претходните академски години.

Наградата ќе биде врачена на свечена седница на Советот на Општина Велес одржана по повод 9-ти Ноември денот на Општина Велес

**Член 2**

Наградата за најстудент „Проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2016 година се доделува на:

- Надица Шкрекова студент на Медицински факултет Универзитет „Св Кирил и Методиј“ Скопје

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 27-6867/3
04.11.2016 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

**225.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2016/2017 година**

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2016/2017 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Број 08-6890/4
07.11.2016 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес „Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2016/2017 година**

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјато на Општина Велес за сезоната 2016/2017 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Велес“.

Број 27-6867/4
04.11.2016 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

Врз основа на член 34 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ” бр.84/08, 52/09 и 114/09), член 12 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ” бр.54/07, 84/07, 86/08, 98/08, 106/08 и 64/09), член 2 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ” бр. 111/2008, 64/2009, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16), член 9 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16) и член 5 од Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 04.11. 2016 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2016/2017година**

Со оваа Програма се уредуваат работите за зимското одржување на локалните патишта и улиците, делниците од магистралните и регионалните патишта кои минуваат низ населените места, а се изградени како улици, како и работите за одржување на комуналните објекти, тротоарите (и велосипедските патеки) на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2016/2017 година.

Јавни патишта на подрачјето на Општина Велес се локалните патишта и улиците.Во улици спаѓаат и делниците од магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици.

**I. Работи на зимско одржување на локалните патишта и улиците се:**

- чистење снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки;
- посипување на коловозот со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот.
- предвидување превентивно-заштитни мерки во високата зона на градот во смисла на поставување на ракофати по тесните стрмни улички и сл.

Работите на зимското одржување на локалните патишта и улици се изведуваат на начин кој има за цел да обезбеди постојана проодност во зависност од утврдениот приоритет произлезен од категоријата и значајот на локалниот пат или улица.

По исклучок кога работите на локалниот пат и улица неможат да се изведат под сообраќај, Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Велес привремено, делумно или во целост ќе го запре сообраќајот и ќе утврди по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот, по претходно известување во рок од 48 часа на корисниците на јавниот пат и улица преку средствата за јавно информирање.

Ако поради снег, голомразица или други причини сообраќајот на локалниот пат или улица е отежнат или безбедноста на сообраќајот е значително загрозена, надлежниот општински орган ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките, а ако не е во состојба да ги отстрани пречките ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила, по претходно прибавена согласност од Министерството за транспорт и врски, односно надлежниот орган во Општината.

Во случаите кога прекинот на сообраќајот трае подолго од два часа надлежниот орган на Општината ќе ја извести јавноста преку средствата за информирање.

Надлежниот орган на Општината со сообраќајни знаци и на друг погоден начин ќе ги означи условите и ќе утврди режим на сообраќај на локалниот пат или улица, во сите случаи кога постојат околности кои можат да го загрозат безбедното одвивањена сообраќајот.

Во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат поради елементарни непогоди (снежни лавини,одрони од поголем обем или од други причини) надлежниот орган на општината ќе постапи врз основа на посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, што го донесува Советот на Општината.

**II. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат надлежните општински органи со следните обврски:**

1. Совет на Општина Велес

-донесува Програма за зимско одржување;

- донесува Посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

2. Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија:

- го организира чистењето на снег и мраз од коловозот на локалните патишта и улиците, делниците од магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици; комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки, како и посипувањето на коловозот со сол или абразивни средства;
- привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот кога работите неможат да се изведат под сообраќај;
- во рок од 48 часа пред запирањето на сообраќајот ги известува корисниците на локалниот пат и улица преку средствата за јавно информирање;
- презема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или значителна загрозеност на безбедноста на сообраќајот или за запирање на сообраќајот на одредени делници или во целина по претходно прибавување на согласност од надлежниот државен или општински орган;
- ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање за прекин подолг од два часа;
- постапува согласно Посебниот план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, во случај на прекин на сообраакајот поради елементарни непогоди.

**3. Комунален инспектор:**

- надзор и контрола на чистењето на јавно-прометните површини во зимскиот период.

**4. Инспектор за сообраќај и патишта:**

- надзор и контрола над целокупната состојба на локалните патишта и улици.

**5. Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата:**

- масовна едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај.

6. Општински штаб за заштита и спасување:

- активно учество во изготвувањето на Програмата, следење на нејзиното спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период заради благовремено преземање на превентивни мерки за заштита и спасување

6. Општински штаб за заштита и спасување:

- активно учество во изготвувањето на Програмата, следење на нејзиното спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период заради благовремено преземање на превентивни мерки за заштита и спасување како и конкретни активности за соодветна дообука и подготвеност на екипите-лицата од населените места кои што ќе вршат чистење и посолување.

**III. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат и други органи и институции, и претпријатија со следните задачи:**

1. Државен инспектор за патишта:

- надзор и контрола над мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

2. Регионален центар за управување со кризи:

- се вклучува во извршувањето на Програмата во делот на информативниот систем за зимското одржување и тоа само со помош на својата развиена радиостанична мрежа на подрачјето на Општината.

3. Сообраќајна полиција:

- покрај извршувањето на работите од својата надлежност, таа е еден од првичните извори на информации од теренот за состојбата на патиштата.

4. Јавно претпријатие за одржување на патишта „Македонија пат“ – Скопје - Подружница Велес:

- ја извршува Програмата во целост во делот на улиците кои се определени како дел од регионален пат, а за локалните патишта и улици во висина на доверените работи согласно склучениот договор со ЕЛС Општина Велес - Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија и во согласност со постапките на зимското одржување на магистралните и регионалните патишта.

Јавното претпријатие за одржување на патишта „Македонија пат“ согласно Програмата за зимско одржување на магистрални и регионални патишта има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и тоа само во делот на коловозната конструкција и сообраќајната сигнализација што е во функција на јавниот (регионален) пат.

**Улична мрежа**

1. „Димитар Влахов“. . . 1,45 км.
2. „Кресненско Востание“( „Иво Лола Рибар“) 0,05 км.
3. „Петре Прличко“ . 0,20 км.
4. „Анѓел Мишев“( „Нишка“) . 0,15 км.
5. Стар Мост . . 0,06 км.
6. „Димко Најдов“ . 1,00 км.
7. „Илинденска“ 0,15 км.
8. „8-ми Септември“ – дел( „Маршал Тито“ – дел) 0,59 км.
9. „Благој Ѓорев“ . 2,20 км.
10. „Гоце Делчев“ . 0,20 км
11. „Страшо Пинџур“ . . 0,20 км
2. „Алексо Демниевски Бауман“ до спојот со „АСНОМ“ („Моша Пијаде“). . 0,60 км
13. „АСНОМ“ („Моша Пијаде“) до спјот со „Андон Шурков“. . . 0,40 км
4. „Андон Шурков“ . . 0,80 км

---

Вкупно: . . 8,05 км.

Изведувачот кој претходно ќе биде избран во постапка на спроведен тендер, согласно склучениот договор за зимско одржување на локални патишта и улици ќе има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и локални патишта:

**Улична мрежа**

1. „Вардарска“ . . 0,85 км.
2. „Н.Н.Борче“ . . 0,20 км.
3. „Алексо Демниевски Бауман“ од спојот со „АСНОМ“ („Моша Пијаде“) до Железничка станица. 0,50 км.
4. „Борис Трајковски“(„Ленинова“) 0,70 км.
5. „11-ти Октомври“. 0,20 км.
6. „III-та Кумановска Ударна бригада“ 0,60 км.
7. „Тодор Христов Офицерчето“ („Народен Фронт“). . . . 0,20 км.
8. „Орце Мартинов“ до спојот со Самоборска“ 0,20 км.
9. „Самоборска“ . 0,25 км.
10. „Тодор Јанев“ до спојот со „Костурска“ . 0,40 км.
11. „Костурска“ . . 0,87 км.
12. „Васил Ѓоргов“ (цела до Којник) . 0,70 км.
13. „8-ми Септември“ („М.Тито“) (до спој со „Димко Најдов“) . . 0,21 км.
14. „Лазо Осмаков“. . . . 0,25 км.
15. „Луј Пастер“. . . 1,00 км.
16. „Др.Христо Татарчев“( „Марксова“) 0,40 км.
17. „Никола Карев“. . . 0,30 км.

---

Вкупно: **7,83 км.**

**Локални патишта**

1. „Р-103“- с.Башино Село .. 0,70 км.
2. „Р-103“- с.Отовица-с.Сујаклари - с.Кумарино - Јазла . . . 8,10 км.
3. ул.„Вардарска“ – „Р-103“(заобиколен пат Велес - Башино Село) . 2,80 км.
4. „Р-526“ - с.Горно Оризари - с.Клуковец . 1,40 км.
5. „М-5”-пат кон с.Д.Караслари 0,60 км.
6. „Р-526“ - с.Мамутчево - с.Иванковци . 10,00 км
7. „Р-103“- с.Црквино . 3,47 км.
8. Велес - Нови гробишта 2,00 км.
9. Оризари (пристапен пат до новата уч.зграда) 0,30 км.

**В к у п н о: .. 29,37 км.**

5. Заради потребата од ефикасно чистење на снегот, а имајќи ја во предвид ангажираноста на „Македонија пат“ во чистење на патиштата од повисока категорија можна е потреба од дополнително ангажирање на други градежни машини, за што потребата ја утврдува надлежниот орган на општината. Другите градежни машини ќе бидат ангажирани од соодветни претпријатија за чистење и оспособување на асфалтните коловозни површини по претходно склучен договор врз основа на Законот за јавни набавки за следните локални патишта:

1.Нови Гробишта - с.Раштани - с.Бузалково-село Сливник ........ 10,00 км.
2. “Р-103”-Нас.Дурутовец - с.Чолошево . 3,20 км.

**В к у п н о: 13,20 км.**

6. ЈКП„Дервен“ се ангажира во зимското одржување на улиците согласно со Програмата за чистење на јавно-прометни површини и оваа Програма за следниве улици:
1. „Ј.Х.К.Џинот“(до спојот со „Прохор Пчински“) 0,40 км.
2. „Прохор Пчински“ . 0,50 км.
3. „Архиепископ Михаел“ („Владимир Назор“) 0,90 км.
4. „ Св.Кирил и Методиј“ . 0,50 км.
5. „Илинденска“ само тротоарите на мост „Гемиџии“
6. „8-ми Септември“ („М.Тито“) 0,80 км.
6.1.тротоарот на левата страна:
- од „С'рмаале“до Стоковна куќа
- Стопанска банка до Стар Мост и Стар Мост
7. „Благој Ѓорев“ 2,20 км.
7.1.тротоарот на левата страна:
-од Пошта до спој со ул.„Шевки Сали“
-од ул.„Љубљанска“ до влезот на Касарната
7.2.тротоарот на десната страна:
-од Домот на АРМ до влезот на Касарната
8. „Алексо Демниевски Бауман“. 1,10 км.
8.1.тротоарот од двете страни:
- од почетокот до зградата на Општина Велес
9. Мало Мовче . . 0.07 км
10. Пешачки надвозник на битолска пруга 0.04 км

**IV. Во зимското одржување на локалните патишта, улици и други комунални објекти ќе се вклучат и:**

1. ЕВН Македонија КЕЦ Велес:
- ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации, приодите и непосредната околина околу трафостаниците и другите уреди.

**2. АД “Македонски телекомуникации“**
Регионален центар за телекомуникации - Велес:
- ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ПТТ инсталации и уреди на телефонските говорници.

3. Превозниците во јавниот превоз (градски и приградски):
- преземаат потребни мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуските стојалишта и нивно оспособување за користење.

4. Граѓаните:
- го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите станбени згради и индивидуални куќи, а исто така и од покривите и терасите водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

5. Сопствениците и корисниците на деловни објекти и дуќани:
- го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите деловни објекти и дуќани, при тоа водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг видна сообраќај.

6. Други учесници:
- единиците на Дирекцијата за заштита и спасување, месните и урбани заедници, ученици и студенти и други екипи, како и сите други, во услови на прогласена елементарна непогода заедно дејствуваат според посебниот План за отстранување на последиците од елементарни непогоди донесен од страна на Советот на Општината.

7. Урбани и месни заедници во Општината:
- се должни да преземат одговорност во смисла: да го известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот за остранувањето на снежните наноси , при тоа да ги активираат граѓаните од таа МЗ за да можат во договор со Општина Велес

- Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија да преземаат конкретни работни задолженија и обврски во зимското одржување на патната мрежа, заради што поодделни месни заедници може да подигнат, складираат, чуваат и наменски да користат одредено количество на индустриска сол, со можност од задолжително учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посолувањето .

8.Сите учесници во извршувањето на доверените работи од зимското одржување на јавната патна мрежа, се должни до надлежниот општински орган да достават оперативна програма за својата подготвеност и опременост со механизација и извршители.

Број 27-6867/4
04.11.2016 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

**226.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2016 година**

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2016 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Број 08-6890/5
07.11.2016 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес „Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2016 година**

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2016 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Велес“.

Број 27-6867/5
04.11.2016 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 22а од Законот за спортот („Сл. весник на РМ“ бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 177/14, 72/15 и 153/15) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и18/10, 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2016 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2016 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања:

-Во глава III – Поддршка на спортот во градот

Во реден број 3 „Градски ракометен клуб „Борец“ АД Велес, во колона во колона „Предвидени средства Општина Велес“ се бројот „3.600.000“ се заменува со „4.400.000“ и во колона „Вкупно“ бројот „3.600.000“ се заменува со „4.400.000“.

-Во став „Вкупно“ глава III „Поддршка на спортот во градот“ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „6.950.000“ се заменува со „7.750.000“ и во колона „Вкупно“ износот „6.950.000“ се заменува со „7.750.000“.

.

**Во глава IV – Инвестиции**

- ред. бр. 3 „Реконструкција на Градски стадион (трибини ограден ѕид)“ во колона „Предвидени средства–Општина Велес“ износот „3.000.000“ се заменува со „2.200.000“ и во колоната „вкупно“ износот „3.000.000“ се заменува со „2.200.000 “.

Во став „Вкупно“ глава IV – „Инвестиции “ во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „7.450.000“ се заменува со „7.650.000“ и во колона „Вкупно“ износот „7.450.000“ се заменува со „6.650.000“.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на Општина Велес“.

Број 27-6867/5
04.11.2016 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

**227.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес“ донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2017 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2017 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Број 08-6890/6
07.11.2016 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес „Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2016 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2017 година**

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2017 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт текстот кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на една од наредните седници.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Велес.

Број 27-6867/6
04.11.2016 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

**228.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за утврдување Нацрт-програма за изработка на урбанистички планови на Општина Велес за 2017 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт-програма за изработка на урбанистички планови на Општина Велес за 2017 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Број 08-6890/7
07.11.2016 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес „Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2016 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт-програма за изработка на урбанистички планови на Општина Велес за 2017 година**

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Велес за 2017 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на една од наредните седници.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 27-6867/7
04.11.2016 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

**229.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за утврдување Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2017 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2017 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Број 08-6890/8
04.11.2016 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес „Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.11.2016 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2017 година**

